# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

## Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14), во членот 151 став (1) зборовите: „со парична казна или со затвор до една година" се заменуваат со зборовите: „со казна затвор од една до пет години".

Ставот (4) се менува и гласи:
„Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршење на службата или одговорно лице во правно лице,
ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години."

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Со казната од ставот (4) на овој член ќе се казни и лице вработено во правно лице на кое во рамките на работењето му е доверено спроведувањето на мерката за следењето на комуникациите."

Ставот (5) станува став (6).

По ставот (6) кој станува став (7) се додава нов став (8), кој гласи:
„(8) Ако делото од овој член го стори правно лице чија што примарна дејност е давање на телекомуникациски услуги,
ќе се казни со парична казна во висина од 10% од вкупниот приход од тековната година во која е сторено делото, согласно со членот 96-а."

Ставот (7) кој станува став (9) се брише.

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".